## ПРОГРАМА ЗА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ДЕЦА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**Вовед**

Во согласност со Стратегијата и Националниот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција усвоен од Владата на Република Македонија,Акциониот план за борба против трговија со деца како и постоечката законска регулатива во нашата држава, Министерството за труд и социјална политика во рамките на своите обврски посветува посебно внимание на прашањата поврзани со превенцијата и заштитата на децата жртви на трговија со луѓе.

Имајќи ги во предвид посебните физички, психички и социјални последици кои ги доживуваат децата-жртви на трговија со луѓе како резултат на нивна злоупотреба и експлоатација а при тоа повикувајќи се на :

- Конвенцијата за правата на детето:
- Факултативниот Протокол на Конвенцијата за правата на детето, кој се однесува на продажбата на деца, детска проституција и злоупотреба на деца во порнографија;
- Палермо Протоколот на Конвенцијата на Обединетите Нации против транснационален организиран криминал и
- Конвенцијата за Елиминација на сите форми на дискриминација врз жената ;

потребно е превземање на соодветни мерки и постапки за помош и заштита на децата во согласност со нивната возраст и нивниот најдобар интерес.

**Во таа насока потребно е:**

1. Во случај кога детето-жртва не е во придружба на родител/старател, инто да се назначи старател и во најкраток рок да се поврзе со семејството, ако е тоа во негов најдобар интерес;
2. Во случај кога не е соодветно и безбедно неговото враќање во семејството, да бидат преземени посебни мерки на заштита на правата и интересите на детето во согласност со законската регулатива;
3. Да се почитува мислењето на детето (доколку е во можност да го изрази) за преземените мерки на заштита и помош;
4. Преземање на мерки на заштита на приватноста и идентитетот на детето-жртва;
5. Донесување на посебни индивидуални програми за заштита и поддршка на деца-жртви на трговија, во однос на нивната физичка, психолошка, образовна, здраствена помош и домување;
6. Центрите за социјална работа треба да определат лице за придружба на детето кое ќе биде ангажирано во соработка со невладините организации ;

## 1. Причини за спроведување на програмата

Непостоење на соодветен изграден модел за ресоцијализација и реинтергација на децата жртви на трговија со луѓе во нивното семејство, училиштето, средината со адекватно давање на заштита и помош е основната концепција на оваа програма. Понудената програма предвидува активности за задоволување на индивидуалните приоритети и потреби на секое дете- жртва на трговија со луѓе. Со програмските активности ќе се надминат проблемите кај детето и ќе се зголемат неговите способности за функционирање и позитивно ресоцијализирање и реинтегрирање во социјалната средина од каде што доаѓа.

## 2. Законска основа

Со Уставот на РМ (член 40) и член 4 од Законот за семејството е утврдено дека Републиката обезбедува посебна заштита за семејството, мајчинството, децата, малолетните лица, децата без родители и децата без родителска грижа. Родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата.

Со Законот за семејството ("Службен весник на Република Македонија" број 83/04 - пречистен текст) е уредена целокупната семејно-правна заштита. Со овој пропис, меѓудругото, се уредува и посебната заштита од државата во поглед на децата и тоа:

- Родителско право ( член 47 и 48);
- Права и должности на родителите и децата (член 49- 52);
- Надзор над вршењето на родителското право (член 86-95);
- Нарушени односи и насилство во бракот и семејството (член 98-109);
- Посвојување (член 110-143);
- Старателство (член 156- 209);
- Издржување на децата, на родителите и другите роднини (член 211).

Со Законот за социјална заштита (Службен весник на Република Македонија бр. 21/06 - пречистен текст) се утврдени мерките и активностите, како и правата и услугите од социјална заштита кои се применуваат за заштита на децата и тоа:

- Вонинституционална заштита - право на сместување во згрижувачко семејство (член 20, член 85-87);
- Право на сместување во установа за социјална заштита (член 23);
- Право на постојана парична помош (член 34, став 5);
- Право на здравствена заштита (член 45);
- Право на еднократна парична помош и помош во натура (член 47);
- Парична помош на лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа ( член 49 и 50).

( Анекс 1: Извадоци од законската регулатива)

## 3.Цели на програмата

### 3.1 Општи цели на програмата

Носителите на Програмата треба да применат специфични знаења, вештини и техники за работата со децата -жртви на трговјата со луѓе.

Зголемување на ефикасноста и стручната компетентност во работата на имплементаторите на програмата со децата-жртви на трговија со луѓе, како и нивните системи на поддршка.

Поврзување и создавање на мрежа на стручните работници (социјалната заштита, здравството, образованието, полицијата, судството и невладиниот сектор) и примена на единствен модел на институционална интервенција со обезбедена: соработка, координација и континуитет.

### *3.2 Посебни цели*

Во остварувањето на посебните цели ќе се применува холистичкиот пристап со третман насочен кон детето, каде ќе се бара активно учество на детето, давајќи приоритет на неговите проблеми и потреби со цел да се зајакне самодовербата, самопочитта и да се даде помош на детето да воспостави содржински односи со средината. Факт е дека некои од децата нема да се вратат во претходната средина (природните семејства) поради психо-социјалната состојба на родителите, неможноста да се предвиди нивното однесување, односно ризикот којшто е присутен кај родителите, односно членовите на семејството (особено ако родителите се инволвирани во процесот на трговијата). Нивната тешка семејна состојба, обременета со сеќавање на тргувањето е нешто што ќе бара посебна интервенција во средината.

Преку практичната имплементација на програмските активности ќе се оствари реинтеграција на децата-жртви на трговија со луѓе и ќе се поддржи нивниот развој, почитувајќи го начелото на еднакви можности за развој имајќи го во предвид најдобриот интерес на детето.

Ресоцијализацијата и реинтеграцијата на детето во средината бара воспоставување на индивидуален третман.

Вклучувајќи се во програмските активности, децата-жртви на трговија, со помош и поддршка ќе го изберат својот модел на однесување, со можност за реинтеграција во средината каде професионалците ќе им дадат соодветен третман подржувајќи го нивниот најдобар интерес.

Ќе се оствари сензибилизација на родителите и членовите на семејството на детето за проблемот на тргувањето, ќе се надмине дисфункционалноста на семејствата и истите ќе се оспособат за одговорно родителство.

## 4. Очекувани ефекти од програмата

- Примена на поефикасни и посоодветни специфични знаења, вештини и техники во работата се детето.
- Создавање на соодветна мрежа и примена на единствен модел на институционална интервенција со активна размена на информации.
- Јакнење на децата жртви на трговија со луѓе преку градење на нивната самодоверба, доверба во другите, јакнење на нивната внатрешната мотивација,

усвојување на позитивен систем на вредности, надминување на нивната агресивност, стекнување независност, воспоставување самоконтрола со што ќе има намалување на неповолните последици врз детето и нивно ресоцијализирање и реинтегрирање во средината.

- Родителите на децата-жртви на трговија со луѓе ќе стекнат: знаења, вештини (вербални и невербални), ќе го изменат однесувањето, ќе добијат информации, медицинска и психо-социјална помош, зајакнување на комуникацијата во семејството, подобрување на односот родители-деца и поодговорно ќе го вршат родителското право.

**5. Времетраење на Програмата**

Програмата ќе трае три месеци а по потреба и до една година и ќе се остварува низ четири фази.

**6.Опис на Програмата**

***6.1. Реализатори на Програмата***
Министерството за труд и социјална политика/Центар за социјална работа.

***6.2 Партнери во програмските активности:***

- Министерство за внатрешни работи - СВР ( Сектор за внатрешни работи) и ОВР( Одделение за внатрешни работи);
- Правосудни органи - Судовите и Јавните обвинителства;
- Министерството за здравство-здравствени установи;
- Министерството за образование-училиштата;
- Агенцијата за вработување (Центри за вработување);
- Единиците на локалната самоуправа;
- НВО кои имаат искуство во работа со деца жртви на трговија со луѓе;

***6.3 План на активности***

**I Фаза:** Воспоставување на контакт со детето/семејството за изградба на однос на доверба.

**II Фаза:** Подготвителна фаза-опсервација и изработка на ориентациона индивидуална програма.

**III Фаза:** Градење и потпишување на договор за спроведување на индивидуален третман.

**IV Фаза:** Имплементација на програмските активности.

**I Фаза - Воспоставување на контакт со детето/семејството за изградба на однос на доверба**

а) Носителот на Програмата ќе организира средба со детето, членовите на семејството/старателот на детето со цел да се создаде меѓусебна доверба и прифаќање на соработката за надминување на проблемот.

б) Семејството ќе биде предмет на проценка, посебно неговата компетентност и безбедносен ризик кој може да биде присутен и пресуден за детето (Скали за проценка на функционалноста на семејството, Тестови за сигурност во семејството).

Ако тимот утврди дека има капацитети за прифаќање на детето и доколку тоа е во негов најдобар интерес, детето се враќа во семејството.

**II Фаза - Подготвителна фаза**

Подготвителната фаза би траела две недели, со три терапевтски сеанси во кои ќе се соберат податоци за избор на соодветна програма потребна за детето и неговите родители/старатели.

Индивидуалните потреби и ресурси на детето ќе бидат ставени во прв план при градењето на програмата, а децата попречени во развојот ќе имаат посебен третман во соработка со Центрите за ментално здравје. Индивидуалната програма ќе биде изработена во зависност од актуелната траума кај детето-жртва на трговија со луѓе, неговите загрозени потреби и права, (стагнирањето во развојот) како и проценетите потреби на родителите/семејството кои активно ќе учествауваат во градењето на самата програма.

**III Фаза - Градење и потпишување на договор** за индивидуален третман од страна на носителот, родителот, лицето за придружба /старателот и детето

**IV Фаза - Имплементација на програмските активности**
Програмските активности се поделени на следните области:

***а)Терапевтски***

Краткотрајна симптоматска терапија;
Долготрајна (развојна) терапија;

**б)** ***Активности за остварување на права*** во областа на здравството, домувањето, правната и социјалната помош, образованието и вработувањето.

**в*)*** ***Социјално-едукативни активности*** во кои се предвидени две групи: со детето и со неговата примарна средина (родителите /старателите на детето-жртва на трговија со луѓе, како и "значајни други") за детето.

**а.** ***Терапевтски активности*** - Дел од децата-жртви на трговијата со луѓе, кои подолго време биле злоупотребувани, дискриминирани, потценувани уште од раното детство, имаат потреба од надминување на неизвесноста и стравот и повторно воспоставување на механизмот на самоконтрола.

Времетраењето на терапијата ќе зависи од самото дете и степенот на трауматската состојба во која се наоѓа.

На детето-жртва ќе му се овозможи третман од страна на терапевт, во времетраење од 1 до 4 часа на ден, во текот на петте работни дена во неделата.

Третманот ќе има за цел да го надмине: стравот, срамот, бесот, пониженоста, шокот, стресот проследен со губење на емоции, неспособноста за разбирање на мотивите, дезорганизацијата, нервозата, пореметувањето кое настанало како последица на стресот, односно, траумата, чувството на вина и срам, чувството на помала вредност, недовербата во другите и пореметувања во извршувањето на секојдневните активности, како и градењето на самодоверба и надминување на изолацијата.

***б. Носителот на активностите за остварување на правата*** за детето и семејството ќе ги обезбедува сам или во соработка со партнерите во програмските активности.

**б.1** Носителот на програмата Министерството за труд и социјална политика-преку Центарот за социјална работа ќе обезбеди:

- *Домување*- сигурно место за престој за пократок или подолг период со враќање на детето во природното семејство, или семејството кај старателот или во посебно обучено згрижувачко семејство или установа;
- *Социјалната помош* ќе служи за обезбедувањето на материјалните средства: за јавен превоз, здравствена книшка, здравствена нега или задоволување на секојдневните животни потреби на семејството и детето, ако за тоа има потреба;
- *Давање на правни совети*, по потреба, преку обезбедување на правен советник кој ќе го запознае детето, семејството/старателот со неговите/нивните права и обврски со можност да се оствари заштита на правата и интересите на детето, заштита на приватноста и идентитетот на детето. Ако има потреба ќе се поднесе предлог за ограничување или одземање на родителско право, односно, определување на старател.

*б.2 Активности на носителот со партнерите*

**Соработката со МВР, Јавното обвинителство и Судовите** ќе се одвива во зависност од индивидуалните проблеми и потреби на детето-жртва на трговијата со луѓе и семејството/старателот.

Неговите потреби ќе бидат следени и при тоа ќе биде дадена соодветна помош и поддршка во однос на:

- Иницирање на постапка за назначување на старател;
- Преземање на мерки за заштита на приватноста и идентитетот на детето-жртва како и грижа за неговата сигурност и безбедност;
- Доставување на информации за потребата за ограничување или одземање на родителското право;
- Обезбедување на придружба на детето при давање на исказот како сведок/жртва како и поддршка во процедурите кои ќе произлезат од комуникациите меѓу надлежните институции.

Воедно ќе биде вршена и:

- Брза интервенција;
- Брза дополнителна идентификација на срединитe, заедниците и ризичните групи на деца со кои детето-жртва имало контакти, во интерес на идентификување и давање на помош на други деца-жртви.

**Во соработката со Министерството за здравство** - во здравствените установи за децата ќе се извршат: општи и специјалистички лекарски прегледи за детето, ќе се обезбеди здравствена книшка, лекарства, медицински третман и контрола во зависност од индивидуалните потреби на детето.

**Во соработката со Министерството за образование-училиштата,** ќе се работи на вклучување на детето во образовниот процес во зависност од возраста, образовниот статус и способностите. Обезбедување на потребната документација и запишување на детето во училиште, снабдување со училиштен прибор и давање на поддршка во совладување на училишните содржини. Психолошко-педагошката служба на училиштето континуирано ќе биде вклучена во поддршката на детето-жртва.

**Во соработката со Единиците на локалната самоуправа,** ќе се обезбеди организирана поддршка на детето преку вклучување во:

- Програми кои промовираат здрав начин на живот;
- Програми за превенција на ризичното однесување и намалување на зависност;
- Програми за афирмација на млади;
- Програми за неформално образование;
- Програми за вработување и самовработување;
- Програми за социјална заштита и инклузија;
- Формирање и отварање на младински информативни центри,

советувалишта и клубови за млади;

**Во соработка со невладините организациии,** ќе се обезбеди лице за поддршка (преку претходно едуцирани и обучени лица за придружба) на детето во секојдневното функционирање, совладување на училишните содржини, облици на неформално образование во кое би се вклучиле млади кои не се вклучени во редовното образование, учење на странски јазик и работа на компјутери, набавка на училишни помагала, организирано користење на слободното време, годишен одмор, учество во рекреативни и други активности.

**в) Социо - едукативниот дел** на програмата го сочинуваат активности кои ќе бидат спроведени од тимот на професионалци афирмирани во работата со децата.

- **Работата со детето ќе се остварува низ работилници**

Детето ќе биде мотивирано со учество во планираните индивидуални или групни едукативни активности во согласност со неговите потреби и желби и изготвената индивидуална програма за работа.

**Теми за обработка се следниве:**

1. Запознај ме
2. Личен штит
3. Комуникација
4. Пријателство
5. За себе
6. Какви родители сакаат децата
7. Моите чувства
8. Колку е важно училиштето во животот
9. Што сакам да станам кога ќе пораснам?
10. Активно слушање
11. Планини и долини
12. Стереотипи и предрасуди
13. На секој крај има нов почеток

( Анекс 2: Информативен материјал за работилниците)

Со помош и поддршка децата ќе научат како да го организираат сопствениот живот без конфликти и судири и успешно да се ресоцијализираат и реинтегрираат во локалната заедница. Активностите ќе се остваруваат и со запознавање на локалната заедница во која живеат поради можности за нивно насочување, избор на занимање, барање на вработување и лична промоција. Ќе се оствари подобрување на комуникацијата во група на врсниците, како и групи во социјалната средина. Крајната цел е детето-жртва на трговијата со луѓе, со активна помош од стручни лица, постепено да ги надмине и реши конфликтните ситуации и преземе грижа за својот живот, со изменети идеали и мотивација.

**На работилниците за родители/старатели и ,,значајни други”** ќе бидат обработени следните теми:

**Циклус брак**

- Брак и чувствата во бракот.
- Граници на бракот.
- Функционални и дисфункционални семејства.

**Циклус на семејство**

- Брачни релации родителство.
- Емоционални односи во семејството.
- Воспитен пристап на родителите.

**Циклус дете**

- Положбата на детето во семејството.
- Адолесценција - пат кон зрелоста.
- Разбирање на релациите родители/адолесценти.
- Дозвола за растење.

**Циклус родителство**

- Воспитување и воспитни стилови.
- Градење на родителски авторитет.
- Употреба и злоупотреба на родителска позиција.

(Анекс 3: Информативен материјал за работилниците )

Работилниците со децата ќе се изведуваат двапати неделно во текот на три или повеќе месеци во зависност од индивидуалните потреби на детето.

Работилниците со родителите ќе бидат организирани еднаш наделно во текот на три или повеќе месеци во зависност од потребата на семејството.

## 7. Следење на реализацијата и развој на индивидуалната програма од страна на носителот на програмата

**- Мониторинг и евалуација**

Планот за мониторинг и евалуацијата ги вклучува следните активности:

- Скала за проценка на семејната компетентност .
- Проценка на индивидуалните потреби и ресурси на детето.
- Евалуациона листа за проценка на секоја интервенција/активност со детето/семејството.
- Индивидуални средби со партнерите за реализација на програмата.
- Евидентирање на промените кај детето и семејството.
- Предлог за дополнување или завршување на Програмата.
- Тест-ретест на ситуацијата.

( Анекс 4: Инструменти за мониторинг и евалуација)

Програмата завршува со средба на реализатори и учесници на која се изработува мапата на минатото и сегашноста, како и идните планови за детето и неговото

семејство, со плановите за понатамошна поддршка на детето во однос на самостојното живеење со семејството или старателите.